**Република Северна Македонија**
**Општина Долнени**

**Локална самоуправа**

**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**Komuna e Dollnenit**
**Vetëqeverisja Lokale**

---

Врз основа на член 39 став 1 алинеја 2 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.05/02) а согласно член 23 став 2 од Статутотна општина Долнени („Службен гласник на општина Долнени“ бр.10/19) членовите на Советот на општина Долнени го донесоа следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За свикување на 14 (четиринаесетта) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.08.2022 год. во 12:00 часот која ќе се одржи во општина Долнени – Сала за состаноци во Подрачни канцеларии Ропотово, со следниот :

**Д н е в е н р е д**

9. Усвојување на Записникот од Тринаесетатта седница на Советот на општина Долнени;
10. Одлука за пренамена на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
11. Одлука за проширување на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
12. Квартален извештај за извршување за К1,К2 и К3 за 2022 година.
13. Одлука за Годишен план за вработување во општина Долнени за 2023 година.
14. Извештај од РКЕ води.
15. Одлука за усвојување на Годишните Програми за работа во учебната 2022/23 год. ООУ„Пецо даскалот„-Долнени, ООУ „Исмаил Ќемали„-Црнилиште, ООУ „Лирија„ - Житоше, ООУ „ Али Фетхи Окјар“ - Дебреште, ООУ „Ѓорче Петров„ - Ропотово, ООУ „Мирче Ацев„ - Лажани, ООУ „Пере Тошев„ - Дупјачани - Десово,
16. Одлука за усвојување на Годишните Програми за работа во учебната 2022/23 год. За СОУ „ Rilindja – Прербдба“ с. Житоше.
17. Одлука за рестрикција на улично осветлување во населените места во општина Долнени.
18. Давање на Согласност на Годишниот план за вработување во ЈКП – Долнени.
19. Заклучок за прогласување на Елементарна непогода на територијата на општина Долнени за ден 22.08.2022 година.

Претседател на Советот

на општина Долнени – Долнени

Хусеин Хасановиќ с.р

# З А П И С Н И К

Од одржаната 13 (тринаесетта) седница на Советот на општина Долнени на ден 31.08.2022 година во салата за состаноци во Подрачните канцеларии во Ропотово општина Долнени во 12:00 часот. На кој присуствуваа 15-членови и тоа: Виктор Переcки, Дејан Змејкоски, Ангела Јаковлеска, Елмедин Фазлиќ, Изет Сулејманоски, Мајран Алампиески, Нади Садикоски, Сеад Колашинац, Онур Имероски, Рахим Адемоски, Хусеин Хасановиќ, Шенај Зера Ќамилоска, Назим Адемоски, Ахмедин Рамовиќ и Линдита Сулејманоска. Од страна на Претседателот на Советот Хусеин Хасановиќ беше предложен следниот:

Д н е в е н р е д

1. Усвојување на Записникот од дванаесеттата седница на Советот на општина Долнени;
2. Одлука за пренамена на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
3. Одлука за проширување на Буџетот на општина Долнени за 2022 година.
4. Квартален извештај за извршување за К1,К2 и К3 за 2022 година.
5. Одлука за Годишен план за вработување во општина Долнени за 2023 година.
6. Извештај од РКЕ води.
7. Одлука за усвојување на Годишните Програми за работа во учебната 2022/23 год. ООУ„Пецо даскалот„-Долнени, ООУ „Исмаил Ќемали„-Црнилиште, ООУ „Лирија„ - Житоше, ООУ „ Али Фетхи Окјар" - Дебреште, ООУ „Ѓорче Петров„ - Ропотово, ООУ „Мирче Ацев„ - Лажани, ООУ „Пере Тошев„ - Дупјачани - Десово,
8. Одлука за усвојување на Годишните Програми за работа во учебната 2022/23 год. За СОУ „ Rilindja – Преродба" с. Житоше.
9. Одлука за рестрикција на улично осветлување во населените места во општина Долнени.
10. Давање на Согласност на Годишниот план за вработување во ЈКП – Долнени.
11. Заклучок за прогласување на Елементарна непогода на територијата на општина Долнени за ден 22.08.2022 година.

вака преставениот дневен ред пред советниците претседателот го стави на гласање од кој едногласно беше прифатен од страна на советниците.

1.По однос на првата точка од дневниот ред без никаква дискусија и забелешка од страна на советниците точката беше ставена на гласање од кој сите 15 советника гласаа ЗА.

2. По однос на втората точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрацијата Соња Ѓорѓиоска која образложи за што станува збор. Ги образложи ставките од кој се намалуваат и на ставките кој се зголемува средствата од буџетот. Вака преставената одлука за пренамена претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.
3. По однос на третата точка од дневниот ред повторно збор имаше Соња Ѓорѓиоска која образложи за што станува збор. Вака преставената одлука за

проширување на буџетот беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беа воздржани.
4. По однос на четвртата точка од дневниот ред повторно збор имаше Соња Ѓорѓиоска која образложи за што станува збор. Вака преставената одлука за проширување на буџетот беше ставена на гласање од кој 13 советника гласаа ЗА а додека 2 беа воздржани.
5. По однос на петата точка од дневниот ред збор зеде преставникот од администрација Ќанија Алиоски кој објасни дека како секоја година така и оваа година треба да се донеси годишниот план за вработување на општина Долнени, така да треба да се предвидат работни места, пензионирање и слично. Вака преставената одлука пред претседателот на советот ја стави на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.
6. по однос на шестата точка од дневниот ред без никаква дискусија од страна на советниците претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.
7. По однос на седмата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од ЈКП Владо кој објасни дека регулаторна комисија за одлучува за цената а водата ние само треба да го прифатиме тоа. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.
8. По однос на осмата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрација Билал Каришиќ кој објасни дека станува збор за програма која секоја година се носи. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.
9. По однос на деветтата точка од дневниот ред збор зеде претставникот од администрација Билал Каришиќ кој објасни дека станува збор за програма која секоја година се носи. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.
10. По однос на десеттата точка од дневниот ред Градоначалникот Урим Ибески објасни за што се работи и дека станува збор за препораки од Владата за штедење на електрична енергија така и ние треба да преземеме некоја мерка, па како прво ќе почнеме со исклучување на по една сијалица значи секоја втора ќе се исклучи. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.
11. По однос на единаесеттата точка од дневниот ред збор зеде Сатки Мифтар кој нагласи дека Владата веќе прогласи Елементарна непогода но и ние како Локална самоуправа треба да прогласиме дека на ден 22.08.2022 година на територијата на општина Долнени имаше невреме проследен со дожд и град. Претседателот на советот точката ја стави на гласање од кој едногласно сите советника гласаа ЗА.
12. По однос на дванаесеттата точка претседателот ги прочита барањата кои беа доставени до советот на општина Долнени.
Барање од н. м Десово кој го презентираше советникот Ахмедин Рамовиќ се работи за личност од с. Десово кој двата бубрега му откажале и оди секоја втора ден на дијализа и сега ќе се прави операција. Советот донеси заклучок да му се исплатат 30.000 денари едногласно сите советника гласаа ЗА.
Барање од младински форум на с. Лажани кој бараат да им се плати фактурата за санација на стадионот кој се однесува за бетонирање на цоклето. Едногласно сите советника гласаа ЗА.

З а п и с н и ч а р

Еркан Ајдароски

П р е т с е д а т е л
на Советот на општина

Хусеин Хасановиќ